Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ
Примено: 27. 12. 2022
Орг. Един. 18 | Број: 2219 | Прилог: | Вредност:

Врз основа на член 11 алинеја 7 и член 31 алинеи 2, 3 и 4 од Статутот на Факултетското студентско собрание на Архитектонски факултет-Скопје, на студентите на Факултетот и Наставно-научниот совет на Факултетот им го доставувам следниов

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

За работата на Факултетското студентско собрание при Архитектонски факултет-Скопје во периодот од 11 јануари 2022 - 31 декември 2022

Во овој извештај кој како Претседателка на Факултетското студентско собрание на Архитектонски факултет-Скопје го доставувам до студентите на Факултетот и до Наставно-научниот совет, се наведени и објаснети сите активности на собранието во изминатата година, во сферите на културата и социјалниот живот на студентите, односно поттикнување на културните настани и продлабочување на комуникацијата помеѓу студентите во рамките на Факултетот и Универзитетот, понатаму проектите иницирани од Собранието како и проектите во кои Собранието учествува како соработник .

Работата на Факултетското студентско собрание при АФС, според Статутот донесен на 27.01.2020 се одвива во рамки на комисии составени од студентски претставници-членови на ФСС АФС, со цел да се структурираат надлежностите и ангажманите на сите претставници во сферите во кои истите сметаат дека можат најмногу да придонесат. Од горенаведеното произлегува и структурата на овој Извештај со цел студентите и сите засегнати да имаат највисоко ниво на увид во се она што ова Собрание го сработи во својот мандат.

## I. ВНАТРЕШНО ФАКУЛТЕТСКО ДЕЈСТВУВАЊЕ

Примарната цел и обврска на Собранието преку Комисијата за внатрешно дејствување но, и на сите претставници, беше да се овозможи непречена комуникација и координација помеѓу студентите и наставниот кадар како и помеѓу студентите, Деканатот и Студентската служба на Факултетот. Студентите и овој мандат беа застапени во телата на Факултетот: Наставно – научниот совет, Деканатската управа и Комисијата за самоевалуација, каде претставниците од Собранието неуморно ги пренесуваа и застапуваа ставовите на студентите. Преку своите студентски претставници студентите беа активни учесници и во носењето на одлуките кои имаа значително влијание врз подобрувањето на студентскиот стандард и положбата на студентите на Факултетот како и општо врз работата на Факултетот.

Оваа учебна година се соочивме и со предизвикот на враќање на наставата со физичко присуство. Поради неизвесноста со здравствената ситуација поврзана со вирусот Covid-19, на ниво на целата држава, беше исклучителен предизвик соодветно да се испланира начинот на одвивање на наставата на Факултетот. Спроведовме анкети преку кои добивме увид во расположениeто на студентите за начинот на одржување на наставата како и процентот на прележаност и вакцинираност од вирусот Covid-19. Во координација со Деканатот на Факултетот дојдовме до соодветни протоколи кои

овозможија непречено одвивање на наставата со физичко присуство и одржување на безбедна околина за сите студенти и наставен кадар.

Со подобрување на здравствената ситуација се отвори можност да се реализираат и проекти нужни за олеснето и непречено функционирање на Собранието. Во комуникација со Деканатот во неколку наврати ги покренавме прашањата за отворање на канцеларија на Собранието во рамки на Факултетската зграда како и креирање на посебен веб-сајт но, за жал не се создадоа услови за тоа да се реализира. Она што не успеавме да го реализираме во овој мандат останува како предизвик за претставниците во идниот состав кои се надеваме дека ќе имаат можност да ги спроведат овие проекти кои се од голема важност за постоењето на Собранието и неговата непосредност кон јавноста.

Како и претходниот мандат на Собранието, ја продолживме праксата на транспарентност и јавност во нашата работа. Креиравме онлајн папка во кој навремено ги прикачувавме сите документи генерирани од Собранието како записници од одржаните седници, донесени одлуки, програмата за работа на Собранието и резултати од спроведените анкети.

Линк до папката:
https://drive.google.com/drive/folders/1MwUWQMECCOcjSACr6BPp7KQYGv9rNS3a?usp=share_link

## II. ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАСТАНИ И ЛОГИСТИКА

Преку работата на Комисијата за настани и логистика Собранието ја постигна својата цел да го подигне културното ниво на студентите и општо на Факултетот. По долг период поминат во онлајн комуникација и без никаков физички контакт, студентите имаа реална потреба од зајакнување на постоечките и градење на нови меѓусебни односи. Со организирање на различен вид на културни настани не само што се зголеми меѓусебната комуникација на студентите туку и се поттикна продлабочување на нивниот личен интерес кон теми тесно поврзани со архитектурата.

### II.1 ГОСТИНСКИ ПРЕДАВАЊА

Како примарна активност на Комисијата за настани и логистика беше организација на гостински предавања во малиот аудиториум на Архитектонскиот Факултет. Предавањата беа на различни теми поврзани со архитектурата но, и на различни теми кои ги засегаат архитектите. Предавањата ги посетија голем број на студенти и останати заинтересирани.

1. Биро Bietenhader Moroder - "Dumb Emancipatory Housing. Dumb Emancipatory City Planning", *18.05.2022*
   https://www.instagram.com/p/CdvVV-ssPLd/



Прилог 1. Фотографија од предавањето на Биро Bietenhader Moroder

2. МАРХ - "Архитектурата и истражувачката дејност", *31.05.2022* https://www.instagram.com/p/CeTB-oSMn6G/

3. МЕЛЕЕМ - "Урбани интервенции во јавен простор", *16.06.2022* https://www.instagram.com/p/CfBsQ7iM1vz/

4. Викторија Богданова - "Цртежот: Јазик на чувствување архитектура", *29.09.2022* https://www.instagram.com/p/CjQ877dLUc3/

5. Иван Блажев - "Документарната фотографија како начин да се замисли реалноста", *24.11.2022* https://www.instagram.com/p/CllmvxVsovL/

6. Презентација на студенти од АФС + ICOMOS - "Културното наследство како сонлив седимент: Случајот на Хераклеја Линкестис" *13.12.2022* https://www.instagram.com/p/CgJ-nDvMeFl/



Прилог 2. Фотографија од предавањето на Иван Блажев



Прилог 3. Фотографија од предавање

## II.2 ФИЛМСКА ПРОГРАМА




Прилог 4. Постер за првата филмска проекција

Како настани кои беа од голема важност за подигнување на културата на Факултетот се проекциите кои се одржаа во склоп на Филмската програма. Прикажани беа филмови директно поврзани со архитектонското творештво на светски познати архитекти. Сметавме дека селектираните содржини можат детално да ги едуцираат студентите за конкретни архитектонски дискурси од различни култури а со тоа и да ги поттикнат да ги продлабочат своите знаења.

Програмата која ја започнавме кон крајот на зимскиот семестар имаше голем одзив и доби позитивни коментари од студентите и дел од наставниот кадар. Поради потенцијалот и изразената потреба за ваква активност се надеваме дека наредниот мандат на Собранието ќе ја продолжи програмата.



Прилог 5. Фотографија од првата филмска проекција

Дел од филмовите кои беа прикажани се "Koolhaas Houselife" и "Tokyo ride" од режисерите Beka & Lemoine. Проекциите се одржуваа во среда од 18 часот во Амфитеатарот на Факултетот.

https://www.instagram.com/p/CmExx1RsFbr/

Меѓу активностите кои беа спроведени овој мандат беше и организирана тура низ просториите на Факултетот за студентите од прва, втора и трета година. Потребата од оваа тура се јави по почетокот на летниот семестар поради тоа што досега студентите учествуваа во настава која се одвиваше онлајн и немаа можност да се запознаат со просториите на Факултетот. Во текот на турите беа претставени сите поважни простории на Факултетот и учествуваа повеќе од 180 студенти.

Неколку претсавници од Студентското собрание учествуваа на Отворен ден на факултетот кој се одржа на ниво на целиот Универзитет на 2 декември оваа година. Нашите претставници ја презентираа работата на Факултетското како и на Универзитетското собрание при УКИМ.

Како последна активност за 2022та година, во соработка со Студентското собрание на Градежниот факултет организиравме Студентска новогодишна забава која се реализираше на 21 декември.

## III. КОМУНИКАЦИЈА И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Комисијата за комуникација и односи со јавноста ги предводеше социјалните мрежи на Факултетското студентско собрание. Бевме активни на профилите на Instagram и Facebook, како и на групите формирани со цел поажурно да комуницираме со сите генерации на Факултетот. Со оглед на активното учество на студентите на социјалните мрежи имавме одличен одзив за сите споделени информации а со тоа и голем интерес за сите активности кои беа организирани од страна на Собранието и Факултетот.




Прилог 6. Извадок од Instagram профилот на ФСС

https://www.instagram.com/fss.afs/

Со цел да ја задржиме јавноста и транспарентноста на работата на Собранието креиравме онлајн папка во кој навремено ги споделувавме сите документи на Собранието односно сите записници, одлуки и резултати од спроведени анкети.

Линк до папката:
https://drive.google.com/drive/folders/1MwUWQMEOCOcjSACr6BPp7KQYGv9rNS3a?usp=share_link

Поради активната криза, веќе неколку години по ред не се организираа изложби на архитектонските студија на Факултетот. Забележавме дека студентите сепак имаат желба да ги изложат своите проекти по што отворивме нов профил на Instagram кој служи како онлајн архива на студентските проекти изработени во тековниот семестар.



Прилог 7. Извадок од Instagram профилот за студентски проекти

https://www.instagram.com/afs_studentski_proekti/

## IV. УНИВЕРЗИТЕТСКО И НАДВОРЕШНО ДЕЈСТВУВАЊЕ

Од аспект на универзитетското делување, Собранието беше активно на ниво на Универзитетското собрание, генерално со своето учество во Комисијата за архитектура и просторно планирање во која членуваат студенти од Градежниот и Шумарскиот факултет.

Во заедничка комуникација констатиравме дека се потребни студентски конкурси преку кои ќе се дојде до идејни решенија за различни простори. Некои од идеите кои се предложија и беа разгледани се: преуредување на дворовите на кампусите на УКИМ, проектирање на младински клубови во склоп на студентските домови, како и преуредување на постоечки простории кои ги користат студентите на факултетите. Дел од активностите се предвидени да се реализираат во текот на 2023та година.

Во соработка со Факултетот за архитектура и градежништво во Ниш учествувавме на овогодинешната Архитектуријада која се одржа во Охрид од 21.05.2022-25.05.2022. На манифестацијата учествуваа студенти од околните држави што беше одлична можност за вмрежување и воспоставување на меѓусебни контакти.

Со поддршка на Деканатот на АФ наши студенти учествуваа на регионалниот натпревар “Allplan student competition” кој се одржа од 20.06-22.06.2022 во Црна Гора, на кој студентите освоија 2-ро место.

## V. КОМИСИЈА ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА

Првата активност на комисијата за самоевалуација овој мандат беше изготвување на анкета за процент на вакцинираност и прележаност кај студентите со цел да се воочи реалната слика за враќање на наставата со физичко присуство. Анкетата имаше значајна улога во донесувањето на одлуката за продолжување на наставата со физичко присуство.

Спроведена беше анкета за заинтересираност за учество на манифестацијата Архитектуријада 2022 која беше во организација на Факултетот за архитектура и градежништво во Ниш.

Во склоп на Комисијата за самоевалуација на Архитектонскиот факултет се започна процедура за ревизија на прашањата за семестралната анкета за самоевалуација. Нашите претставници имаа обврска да најдат примери од ваков тип анкети кои се спроведуваат на другите факултети на УКИМ по што ќе следи споредба и предлози за подобрување на содржината на анкетата.

Како дополнителна активност беше спроведена листа за дополнување на постоечката литература која им е потребна на студентите или пак сметаат дека е добро да е достапна. Листата е доставена до Деканатот на Факултетот со цел истата да биде набавена и достапна во наредниот период.

Во генерацијата која е петта година е споделена анкета за избор на пакет за фотографирање и снимање на таблоата и апсолвентската вечер.

## VI. СПОРТ

Комисијата за спорт беше задолжена за координација со Универзитетската лига. Координаторката Бојана Станковска учествуваше на сите реализирани состаноци со претставници од Универзитетскиот студентски сојуз, Факултетот за физичко образование, спорт и здравје и координатори од другите факултети.

На нашите студенти им беше овозможено да одржуваат тренинзи со цел да се подготват за Универзитетската лига. Формирани беа тимови за мал фудбал и одбојка. Обезбедени се и дресови за сите тимови кои ќе ги употребат во лигата која ќе се одржи во текот на наредната година.

## VII. ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА ФСС

Во текот на оваа година Деканатот на Архитектонскиот факултет финансиски поддржа повеќе активности во кои учествуваа студентите. Во склоп на спортските активности беше поддржано нашето учество во натпреварите по мал фудбал и одбојка, преку обезбедување на простор за тренинг на тимовите како и дресови. Беше овозможено учество на манифестацијата Архитектуријада која се одржа во Охрид од 21.05.2022-25.05.2022. Факултетот го поддржа учеството на регионалниот натпревар "Allplan student competition" кој се одржа од 20.06-22.06.2022 во Црна Гора, како и учеството на наши студенти на работилница за мапирање и документирање на еврејското наследство во Битола која се одржа од 04.11-11.11.2022.

Преку ИКСА фондот на УКИМ беа овозможени финансиски средства за одржување на летната школа за архитектура во Лазарополе која се одржа од 03.07-10.07.2022. Ги поттикнуваме идните претставници да ги искористат можностите за реализирање на проекти преку ИКСА фондот, особено во делот на културните активности и проекти.

## VIII. ЗАВРШЕН ОСВРТ

Оваа година беше исполнета со голем број предизвици и препреки на факултетско и универзитетско ниво. Низ целиот мандат се стремевме да се залагаме за правата на студентите, за подобри услови за работа и подобрување на положбата на студентите на ниво на целиот образовен систем. Заедно со Универзитетското собрание бевме активни учесници во креирањето на нови образовни реформи и неуморно ги застапувавме студентите.

Во овој мандат на Собранието успеавме да реализираме само дел од поставените цели. Но, нашиот успех го гледаме во бројните позитивни реакции и коментари, особено оние кои доаѓаат од студентите и наставниот кадар. Еден доказ за добрата насока во која се движиме е признанието кое го добивме од порталот “Македонска архитектура” за 2022 година за организирањето на предавањата и останатите спроведени активности:

*“како поттик за понатамошно делување во полето на заедничката едукација, градењето на добрите односи со македонската архитектонска сцена преку организираните предавања и борбата за студентското достоинство.”*




Прилог 8. Признаение од МАРХ

Мотивација за сите идни претставници нека бидат позитивните промени кои успеавме да ги направивме но, и бројните борби кои останаа недовршени. Се надеваме дека идните претставници ќе имаат можност да ги продолжат едукативните активности но, и да ги надминат актуелните проблеми.

Претседателка

Мила Гавриловска